З А П И С Н И К
од Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 6 ноември 2025 година

Скопје, ноември 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 6 ноември 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 12:35  часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата учествуваше и Горан Јовановски, претставник од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Азир Алиу, министер за здравство и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за одржување на редовно Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД, закажано за 10 ноември 2025 година, со дополнување

2. Предлог-одлука за престанок и давање на времено користење на движни ствари на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје

*
*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на редовно Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД, закажано за 10 ноември 2025 година, со дополнување и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за одржување на редовно Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД, закажано за 10 ноември 2025 година, со дополнување.

2. Се овластува Радован Милосовски, управител на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје да го застапува друштвото „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје на редовното Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД, закажано за 10 ноември 2025 година и по точките од Дневниот ред да се изјасни на следниот начин:

• По однос на првата точка од Дневниот ред, која се однесува на Преглед на управување за работењето од 1.1.2024 – 31.12.2024 година, со Извештај на Одборот на директори, да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

• По однос на втората точка од Дневниот ред, која се однесува за Одобрување на финансиските состојби за работењето од 1.1.2024 – 31.12.2024 година, согласно Меѓународните сметководствени стандарди (М.С.С.), со релевантните извештаи на ревизорите под заклетва и Извештајот за управување на Одборот на директори на Друштвото на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД, да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

• По однос на третата точка од Дневниот ред, која се однесува за Одобрување на вкупното управување на Одборот на директори за работењето во 2024 година, согласно членот 108 од Законот 4548/2018 и ослободување на ревизорите, да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

• По однос на четвртата точка од Дневниот ред, која се однесува за Одобрување на исплатеното обесштетување кон членовите на Одборот на директори и определување на обесштетувањето за 2025 година, да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

• По однос на петтата точка од Дневниот ред, која се однесува за Избор на редовни и заменици - ревизори под заклетва за работењето во 2025 година, да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

• По однос на шестата точка од Дневниот ред, која се однесува за Одобрување на избор на член на Одборот на директори, како замена на член што поднесе оставка, да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

<u>Точка 2</u>

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на времено користење на движни ствари на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје.

*
*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:55 часот.